Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 2, 15 октомври 2007 година

октомври, 2007
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Нумерички методи во рударството" од авторите проф. д-р Благој Голомеов и м-р Александра Милева од Факултетот за Рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип .................... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање по наставните дисциплини од областа на рударската механика и механизација на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.................... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник-помлад асистент по група предмети (одделенска настава и предучилишно воспитание) на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип .................... 7

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ (ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ) НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на својата Прва редовна седница, одржана на 24.9.2007 година, нé избра за Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање помлад асистент по група педагошки предменти.

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот од 24.8.2007 година, објавен во весникот „Вечер", се пријавила кандидатката Даниела Јакимова.

***Податоци за кандидатката***

Даниела Јакимова е родена во Штип на 30.3.1984 година. Во своето родно место, кандидатката Јакимовска завршува основно образование и средно гимназиско образование со континуиран одличен успех.

Во учебната 2001/02 година Даниела Јакимовска се запишува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип.

За време на студирањето покажува посебен интерес за наставните програми кои ги изучувала. Посебно се истакнува со своите способности да ги сфаќа теориските проблеми од областа на педагошката наука и да изнаоѓа решенија за непосредната воспитно-образовна практика.

Интересот и максималната ангажираност во исполнувањето на барањата на наставата на факултетот резултираа со тоа Јакимовска да постигне висок успех со просек 9,50 и да биде прогласена за најдобар студент на Педагошкиот факултет од својата генерација.

За постигнатиот успех Даниела Јакимовска била пофалена од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и од претседателот на Владата на Република Македонија.

Даниела Јакимовска е вработена во ОУ „Старшо Пинцур" – с. Карбинци.

Во практиката на својата работа во одделенската настава таа се истакнува во пристапот кон работата и примената на современи модели на педагошко водење и современи начини и методи на работа.

Својот интерес кон проблемите од теоријата и практиката на педагошката наука го продолжува и на работното место. Така од почетокот се вклучува и активно работи на проектот „Модернизација на образованието". Во рамките на проектот успешно ги завршува обуките од програмите: „Комуникациски вештини и тимска работа" и „Англиски јазик за наставници – врата кон нови знаења" за што добива и сертификати.

Даниела Јакимовска успешно завршува и курс по компјутери и курс по англиски јазик.

***Заклучок и предлог***

Целокупната работна ангажираност и постигнатиот успех ја промовираат кандидатката Даниела Јакимовска во надежен стручен и научен работник. Исто така, таа ветува раст и успех во наставната работа.

Оттука, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип кандидатката Даниела Јакимовска да са избере во помлад асистент по група педагошки предмети.

**Рецензентска комисија**

**проф. д-р Марија Костова с.р.**

**доц. д-р Анета Баракоска с.р.**

**доц. д-р Владо Петровски,с.р.**